ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **11.01.2021 година** во 09:00 часот во Голема сала на општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Секретар на општина Љубомир Младенов, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновск**а, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски**, Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски** и Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум при што беа донесени следните заклучоци:

**<u>Секретар</u>**

Од страна на Секретарот на општина беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната

-Да се финализира со Процедурите до 15.01 и да се направи првичен разговор со фирма за сертификација

-Да се види со Водостопанство и Министерство за водостопанската согласност за патен правец Дурачка Река 2.

-Да се види околу материјалите за предавање на водоводите и да се спреми одлука за седница на совет с.Луке секундарна мрежа.

-Да се спреми одлука за седница на совет за предавање на опремата на градски пазар.

- Да се искомуницира со ЗЕЛС ако има одржување на обука за градежно земјиште да се делигираат Марјан Алексовски и Валентина Димитровска и истите да се назначат како членови во комисија за градежно земјиште.

-Да се направи координација со Мартин Николовски и Игор Додевски околу завршувањето на Правилникот за вработување.

-Да се закаже состанок со сопствениците на земјиштето во врска со експропријација во Цонев Рид.

**<u>Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој</u>**

-Отсутен од колегиум

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Од страна на Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната за поднесување на квартален извештај и подготовка на буџет за следната година.

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се даде налог на ЈП Комуналец да се појде кај свлечиштето во с.Станци да се види состојбата поради поројните дождови.

-Да се следи тековно состојбата и да се дава налог на ЈП Комуналец за излегување на терен поради настанатата ситуација со поројните дождови за да не дојде до дополнителни штети .

-Да се види со фирмата Параметар до каде е со идејните проекти за локација Мост и локација Зелен Пазар.

-Заостанатите дописи од 2020 година да бидат разгледани и на истите да биде одговорено заклучно со оваа недела.

-Да се продолжи со работа околу легализациите да нема заостанување.

-Да се почне со симнување на новогодишните украси.

-Да се прати допис до Телеком и други имателите на исталации кои користат надземни водови и општински столбови, да спремат проекти и да поднесат потребна документација за подземно каблирање. Ова да се прави напоредно со постапката за каблирање која ќе ја отпочне ЕВН за да не дојде до повторно прекуповање на коловозни и тротоарски површини.

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се спреми новиот Правилник за такси превозот за седница на совет.

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

-Отсутен од колегиум

Да се забрза постапката за експропријација за Цонев Рид.

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Од страна на Билјана Тасевска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

-Да се почне постапката за јавна набавка за превоз на ученици.

-Да се продолжи постапката за ЈПП за осветлување.

-Информација за завршени и нови јавни набавки.

-Да се спреми и објави План за Јавни набавки за2021 во текот на оваа недела.

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

-Отсутен од колегиум

-Комуналните инспектори и комуналните редари да ја зајакнат контролата на јавната чистота во градот, собирањето на смет и метењето околу колективните садови за смет, а воедно да се зајакне контролата и мерките за депонирање на смет на диви депонии, покрај сообраќајници и на места недозволени за оваа намена.За сите прекршители да се постапи по закон.

Да се финализира со пријавата за Гоце Георѓиевски за настанот на градски стадион.

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Од страна на Директорот на ЈП Комуналец, Миле Марковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се интервенира превентивно на определени локации на кои прети опсаност за излевање на Крива и Дурачка Река.

-Да се делува превентивно со зимското одржување и најавата за ниски температури оваа недела.

-Даме да направи пресметка за поставување на камери на 4 локации на пешачката патека.

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Од страна на Директорот на ЛУ Градски музеј, Драган Величковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се дефинираат сите активносто што се од март месец натаму и ако постојат услови истите да се реализираат.

-Општинските билборди што се оштетени, да се направат припреми и да бидат сменети.

-Да се почне со реализација на планот за вработување

**<u>Генерални заклучоци за сите одделенија</u>**

- Седница на совет да се планира за 25.01.2021 година материјалите да биодат доставени до 15.01.2021 година, координација на ден 18.01.2021 година.
- Од страна на одделенијата да се достават материјалите за Планот за јавни набавки до 13.01.2021 година.

-Да се продолжи постапката за ЈПП за осветлување.

-Да се достават Процедурите кои не се доставени до 15.01.2021 година.

**11.01.2020 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**